| Одделенскич ас: работилница за превенција од злоупотреба на психотропни супстанции „Заштитаодпушење“ | 10.04.2023 | VIII одд. | 12 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одделенски час: работилница за стекнување навики за здрава исхрана „Зошто се дебелееме?“ | 22.05.2023 | VIII одд. | 12 |
| Работилница за превенцијао д злоупотреба на психотропни супстанции „Асоцијации“ | 29.05.2023 | VI одд. | 16 |

Одговорен наставник : Светлана Милевска Костенцовска

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ЗА РАБОТАТА НА ПОДМЛАДОКОТ НА ЦРВЕН КРСТ ПРИ ООУ “ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ”, С.ЉУБАНЦИ-СКОПЈЕ ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

| Ред ен број | **Реализирани активности** | **Постигнати резултати со показатели** | **Време и место на реализација** |
|---|---|---|---|
| 1. | Координативен состанок соодговорнителицанаЦрвениоткрст, општинскаорганизацијаЧаир, воприсуствонаситеодговорнинаставницизаподмладокот на Црвен крстодосновните и средни училишта од општините Чаир и Бутел. | Презентираниможниактивностивокоибисевклучилеучилиштатасосвоитеученици. Доставени предлози од наставниците. | 05.10.2022 година, Црвен крст, општинска организација Чаир. |
| 2. | По повод Светскиот ден на храната, 16 Октомври реализирана активност во нашето училиште за собирање храна и хигиенски средства со учениците од 2, 5 и 8 одделение, наменети за семејствата на интернатските ученици. | Среќни и задоволни ученици од реализираната активност, кои претставуваат одличен пример во нашата заедница. | 17-20.10.2022 година, во просториите на ООУ „ГоцеДелчев“, с.Љубанци, Скопје. |
| 3. | Црвен крст на Република СевернаМакедонија Општинска организација Чаир, реализираше едукација на тема „Промоција на хигиена и забоздравствена заштита" на која присуствуваа 50 ученици. | Мотивирани ученици во текот на целата презентација, кои се стекнаа со информации и добри совети во одржување на личната хигиена и хигиената на забите. | 09.12.2022година, во просториите на ООУ „ГоцеДелчев“,с.Љубанци, Скопје. |
| 4. | Подготовки за општински натпревар по прва помош за учениците од основните училишта од општина Бутел. | Мотивирани и одговорни ученици во текот на целиот процес на подготовки, кои стекнаа нови знаења и вештини. | 30.03-18.05.2023 г.<br><br>во просториите на општинска организација Црвен Крст, Чаир. |
| 5. | Учество на општински натпревар по прва помош | Мотивирани и одговорни ученици во текот | 20.05.2023 г во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | за учениците од основните училишта од општина Бутел. | на целиот процес на подготовки, кои стекнаа нови знаења и вештини. | просториите на општинска организација Црвен Крст, Чаир. |

Одговорен предметен наставник: Бојана Н. Радосавлевиќ

**Хигиена во училиштето**

Хигиената во училиштето се одржува редовно и континуирано со чистење и дезинфицирање на сите простории во училиштето, како и на целокупниот инвентар и наставните нагледни средства, при што се користат еколошки средства за чистење и дезинфекција. За одржување на хигиената во училиштето се грижи техничкиот персонал. Преку редовни училишни еко-акции, предавања, работилници и сл., се поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената, иницијативи за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња. Дератизација, дезинсекција и дезинфекција се врши редовно и вонредно од надлежни институции, според потребите на училиштето, како и секојдневно дезинфицирање на просториите во училиштето при редовното чистење.

**Систематски прегледи**

Училиштето соработува со здравствени установи заради спроведување на здравствена заштита на учениците, спроведување на редовните систематски лекарски прегледи, согласно со закон. Училиштето задолжително го информира родителот / старателот на ученикот за спроведувањето на редовните систематски и стоматолошки прегледи, кои ќе бидат реализирани без да се попречува наставата и во придружба на класниот раководител..

Систематските прегледи кои се прават на три година, за вработените, беа извршени во оваа учебна година како и санитеарните прегледи кои се вршат секоја година пред почетокот на учебната година.

| **Стоматолошки преглед** | | | |
|---|---|---|---|
| **Одделение** | **Одделенски раководител** | **Број на ученици** | **Дата** |
| V | Билјана Маневска | 11 | 30.11.2022 |

**Вакцинирање**

Програмата на училиштето за грижа на здравјето на учениците опфаќа вакцинација на учениците од I, II и IX одделение, која се реализира во здравствената установа, Поликлиника Шуто Оризари-оддел за училишна возраст, во придружба на одделнскиот наставник/ раководител. Училиштето задолжително го информира родителот/ старателот на ученикот за спроведувањето на вакцинациите и бара негово присуство на вакцинирањето.

| **Вакцинирање** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Одделение и паралелка** | **Одделенски раководител** | **Број на ученици** | **Дата** | **Вакцина** |
| **I** | Светлана М.Костенцовска | 8 | 21.10.2022 | Мрп ревакцина |
| II | Луиза Велкоска | 14 | 21.10.2022 | ДТ полио |
| **IX** | Елена Наумовска | 15 | 21.10.2022 | дифтерија<br>тетанус<br>парализа |

## Училишна клима

Сите субјекти во воспитно-образовниот процес и другите вработени континуирано се заложуваат за позитивна училишна клима. Климата во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно-образовниот процес (вработените, учениците и родителите), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот.

### Дисциплина

Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти: Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор); Кодекс за однесување на учениците, Кодекс за однесување на родителите и Кодекс за однесување на наставниците во училиштето, Куќен ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила. За надминување на проблемите со поведението и дисциплината, континуирано се водат разговори помеѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик-стручен соработник, а по потреба и со родител, со цел подобра дисциплина и воспоставување работна атмосфера на часовите. Кон ученикот кој ги повредува правилата на воспитно-образовната работа се применуваат педагошки мерки. Истовремено со изрекување на педагошките мерки, директорот формира тим за поддршка кој ќе работи со родителот, односно старателот, ученикот, наставникот и паралелката, со цел надминување на проблемот. Начинот на изрекување на педагошките мерки го пропишува министерот, на предлог на Бирото. При изрекување на педагошките мерки, се обезбедува еднаквост и праведност во однос на сите

ученици и доследно се применуваат Правилникот и Критериумите за изрекување педагошки мерки. Исто така, изработен е распоред на дежурни наставници во училиштето, заради одржување на дисциплината во училиштето.

**Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето**

Во училиштето се води грижа за функционалното и естетско уредување и одржување на просторот, во согласност со возраста на децата. Наставниците и учениците придонесуваат за уредувањето на училиштето со свои изработки, проекти и презентации, со цел подобар изглед и функционалност, водејќи сметка за мултикултурализмот во училиштето. Наставниците и учениците се грижат за ентериерот во училниците, додека тимот за естетско уредување е одговорен за уредувањето на ходниците и влезниот простор. Сите простории во училиштето функционално ги задоволуваат потребите на учениците и наставниците, со што се овозможува непречена реализација на наставата.

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ И ОПКРУЖУВАЊЕТО НА УЧИЛИШТЕТО**

| Опис на реализирана програмска активност | Цели | Време на реализација | Форми на работа и ресурси | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Уредување на холот на училиштето - Подготовки за почеток на новата учебна година и приемот на првачиња,<br><br>Уредување  на паноата со флаери и плакати со насоки за заштита и безбедност од Корона вирусот<br><br>Уредување  на паноа за Граѓанско образование, Ученички иницијативи – онлајн настава | естетско и функционалноуредување на училиштето, поттикнување на учениците за истото<br><br>позитивна и безбедна атмосфера при приемот на првачиња, како и на останатите ученици со физичко присуство<br><br>Поттикнување за ученички иницијативи, граѓанско образование, | Октомври-март | Хамери , листови во боја, принтер, ножици, лепило, стиропор, паноа, фотографии, изработки<br><br>Тим за естетско уредување Одделенски наставници од I до<br><br>Училишно раководство Стручна служба | Доприносување во естетското и функционалното уредување на училиштето, поттикнување на учениците за истото<br><br>Поттик  и позитивна атмосфра кај првачињата<br><br>Поттикнување за ученички иницијативи, граѓанско образование, мултикултурализам и еко свест |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одбележување на детска недела | Зачленување на првачињата во детска организација | Октомври | Дискусија, презентација, ликовни изработки<br><br>Одделенски наставниии<br>I одд. | Запознавање со правата на детето |
| Есенско уредување на учлниците и училишните ходници | Да се грижат и допринесуваат за естетското и функционалното уредување на учлниците и училишните ходници | Октомври | Хамер, хартија во боја, светкава хартија, креп хартија, ножици, лепило<br><br>Одделенски наставници од I до III | Грижа естетското и функционалното уредување на учлниците и училишните ходници |
| Новогодишно уредување на учлниците и училишните холови | Да развиваат на одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето<br><br>поттикнување на учениците за целосно уредување на училишниот простор | Декември | Хамери, хартија во боја, светкава хартија, креп хартија, ножици, лепак, стипопор, маркери во боја, боја за стакло, темперни бои<br><br>Одделенски наставници од I до III<br><br>Хаус мајстор | Развиваат одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето |
| Изработка на честитки по повод Денот на жената 8 Март | Да се грижат и допринесуваат за естетското и функционалното уредување на учлниците и училишните ходници | Март | Хамери, хартија во боја, светкава хартија, креп хартија, ножици, лепак, стипопор, маркери во боја, боја за стакло, темперни бои<br><br>Одделенски наставници од I до III | Развиваат одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето |
| Уредување паноа по повод патрониот празник на училиштето | Да се грижат и допринесуваат за естетското и функционалното уредување на учлниците и училишните ходници | Мај | Хамери, хартија во боја, светкава хартија, креп хартија, ножици, лепак, стипопор, маркери во боја, боја за стакло, темперни бои | Развиваат одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Одделенски наставници од I до III | |

**Етички кодекси**

Во рамките на своето работење, училиштето има изготвено Етички кодекси за однесување на наставниците, учениците, вработените во училиштето и родителите, кои се составен дел на училишната документација и пракса.
Училиштето има изготвено и Еко-кодекс, кој содржи еко-пораки за заштита и унапредување на училишната средина и пошироката локална средина, ја дефинира целата мисија на училиштето и го претставува правилник на однесување на сите вклучени во еколошката програма. Еко-кодексот е изработен од учениците, наставниците и родителите и е истакнат на видни места.

**Односи меѓу сите структури**

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето остваруваат формални и неформални средби.

## <u>Професионален развој на воспитно-образовниот кадар</u>

Професионалниот стручен развој подразбира индивидуално усовршување, усовршување спроведено од страна на училиштето т.е. интерно, како и надворешно усовршување, кое го врши БРО, МОН и други институции.

**Детектирање на потребите и приоритетите**

За квалитетна настава, потребно е континуирано едуцирање на наставниот кадар. Потребите и приоритетите за професионален развој на образовниот кадар произлегуваат од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот. Самоевалуацијата на училиштето покажа дека наставниците редовно ги следат сите обуки и семинари организирани или поддржани од МОН и БРО, а дел од нив и самостојно се усовршуваат.
Секој наставник на ниво на актив ги изнесува личните потреби за професионален развој, кои потоа се проследуваат по хоризонтала и вертикала. Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците, составен од директор, стручни соработници и претседатели на активи.

**Активности за професионален развој**

Професионалното усовршување на наставниците се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓуучилишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење.

По утврдување на потребите за професионалниот развој на вработените, се планира организација и реализација на интерни обуки, семинари, работилници, дисеминации на новини и др. Во училиштето се изработува годишен план за професионален развој на наставниците, задолжително се реализира дисеминација и се изработува извештај проследен со евалуација, од каде ќе произлегуваат и наредните потреби за професионален развој.

**Личен професионален развој**

Во училиштето редовно се следи работата на наставниците и се настојува нејзино подобрување преку разни форми на професионален развој: семинари, обуки, конференции, пишани рубрики, статии во стручна литература итн. Според насоките дадени од ДПИ, се врши и интерно следење на наставниците преку посета на часови, како и анализа на наставничките портфолија. За сопственото стручно усовршување, наставникот прави личен план за професионален развој за секоја учебна година преку самоевалуација на професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посети на директорот на училиштето, советници од БРО, Центарот и ДПИ.
Директорот на училиштето го одобрува планот, на предлог на тимот за професионален развој во училиштето. Тимот за професионален развој го сочинуваат координаторите на стручните активи на наставници во училиштето, директорот и стручен соработник во училиштето. Формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставникот и стручниот соработник ги уредува министерот, на предлог на БРО и Центарот. За професионалниот развој на секој наставник се води професионално досие.

**Хоризонтално учење**

Знаењата, искуствата и стручното усовршување на наставниците стекнати од сопствената пракса во воспитно-образовниот процес и од разни семинари се споделуваат со другите наставници. Тоа искуство се разменува и споделува со останатите наставници и стручни соработници преку изведување, присуствување и анализирање на нагледни и отворени часови, прикази на стручни теми, држење на интерни обуки, дисеминации, работилници и колегијална менторска поддршка. Врз основа на програмата за професионален развој , училиштето ќе подготви акциски планови во кои ќе бидат наведени активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење, како и очекуваните резултати и исходи.

**Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар**

Професионалниот развој води кон кариерно напредување на воспитно-образовниот кадар. Во процесот на кариерен развој на наставниците, проценувањето на исполнетоста на стандардите за напредување во звања се врши од неколку аспекти, и ја прави училиштето. За таа цел воспитно-образовниот кадар во училиштето е запознаен со: Основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот, - Професионалните стандарди за наставник-ментор, Професионалните стандарди за наставник- советник. Проценката од училиштето се прави за оној наставник кој се подготвува и се пријавил за напредување во звање и ја базира врз информации добиени: родители, ученици, наставници и училишна документација.

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

| Посета на семинари од наставниците при ООУ “ГоцеДелчев” с. Љубанци – Бутел за учебна година 2022/2023 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| реден број | Наставник | Одд./наставник | Предмет/ Вид на обука | Одржан семинар во: | Дата на одржување: |
| 1 | Бојана Наумова Радосавлевиќ | наставник по француски јазик VI-IX одд. | Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата | ООУ „Климент Охридски“, Скопје | 07-08.11.2022 |
| 2 | Бојана Наумова Радосавлевиќ | наставник по француски јазик VI-IX одд | Основа на заштита од пожари | Противпожарен сојуз-Автокоманда, на град Скопје | 22.12.2022 |
| 3 | Бојана Наумова Радосавлевиќ | наставник по француски јазик VI-IX одд | Денови на психологија | Вебинар преку ZOOM, организиран од Меѓународен Славјански универзитет | 26.11.2022 |
| 4 | Иванка Тодорова Милошевска | предметен наставник по македонски јазик VI-IX одд. | Едуино вебинар на тема: Развивање програми за реализација на слободни изборни програми | вебинар/онлајн (организатор: БРО-МОН) | 29.09.2022 |
| 5 | Иванка Тодорова Милошевска | предметен наставник по македонски јазик VI-IX одд. | Македонски јазик / Едуино вебинар на тема: Развивање на креативните вештини преку визуелни приказни (организатор: БРО-МОН) | онпајн вебинар/ број | 05.10.2022 |
| 6 | Иванка Тодорова Милошевска | предметен наставник по македонски јазик VI-IX одд. | Македонски јазик / Едуино вебинар на тема: Методи и пристапи за учење преку решавање проблеми со фокус на климатските промени (организатор: БРО-МОН) | на тема: Методи и пристапи за учење преку решавање проблеми со фокус на климатските промени (организатор: БРО-МОН) онпајн вебинар/ број | 13.10.2022 |
| 7 | Иванка Тодорова Милошевска | предметен наставник по македонски јазик VI-IX одд. | Македонски јазик/ Конференција: ,,Дислексија: Можности, препреки и предизвици” во рамки на Еразмус+ проектот ,,Dyslexia online teaching courses-DysCourse” (организатор: Здружение за дислексија ,,Ајнштајн” | Филозофски факултет-Скопје, | 16.11.2022 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Иванка Тодорова Милошевска | предметен наставник по македонски јазик VI-IX одд. | Македонски јазик/ Денови на психологијата (организатор: Меѓународен Славјански Универзитет ,,Државин") | онлајн едукативни работилници од областа на психологијата | 26.11.2022 |
| 9 | Иванка Тодорова Милошевска | предметен наставник по македонски јазик VI-IX одд. | Македонски јазик/ Онлајн курс по италијански јазик | онлајн курс по италијански јазик во времетраење од 3 месеци *уверение за завршен курс | 19.09.2022-06.12.2022 |
| 10 | Иванка Тодорова Милошевска | предметен наставник по македонски јазик VI-IX одд. | Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата | ООУ „Климент Охридски", Скопје | 07-08.11.2022 |
| 11 | Елена Наумовска | предметен наставник по музичко образование VI-IX одд. | Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата | ООУ „Климент Охридски", Скопје | 07-08.11.2022 |
| 12 | Анета Стојкова | психолог | Примена на ВИТИМ, Векслеров тест за процена на интелигенција за македонска популација | Когниција-Центар за невропсихологија, психотерапија и психологија | 16-17.10.2022 |
| 13 | Анета Стојкова | психолог | Тренинг за комуникациски вештини за подигнување на свесност за хигиената WASH | UNICEF | 11-12.12.2022 |
| 14 | Ивана Крстиќ | дефектолог | Развој на вештини за подготовка за училиште на децата со аутизам | онлајн | 24.09.2022 |
| 15 | Ивана Крстиќ | дефектолог | Развивање на креативните вештини преку визуелни приказни | онлајн | 05.10.2022 |
| 16 | Ивана Крстиќ | дефектолог | Методи и пристапи за учење преку решавање на проблеми со фокус на климаските промени | онлајн | 13.10.2022 |
| 17 | Ивана Крстиќ | дефектолог | Рана интервенција –Достапни опции и услуги (ICF) | онлајн | 08.11.2022 |
| 18 | Мирјана Димоска | III одд. | Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата | ООУ „Климент Охридски", Скопје | 07-08.11.2022 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 19 | Луиза Велкоска | II одд. | Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата | ООУ „Климент Охридски“, Скопје | 07-08.11.2022 |
| 20 | Елена Рајевска | IV одд. | Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата | ООУ „Климент Охридски“, Скопје | 07-08.11.2022 |
| 21 | Светлана Милевска Костенцовска | I одд. | Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата | ООУ „Климент Охридски“, Скопје | 07-08.11.2022 |
| 22 | Санела Тренова | наставник по географија VI-IX одд. | Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата | ООУ „Климент Охридски“, Скопје | 07-08.11.2022 |
| 23 | Игор Бошковски | наставник по историја VI-IX одд. | Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата | ООУ „Климент Охридски“, Скопје | 07-08.11.2022 |
| 24 | Светлана Малегановска | наставник по математика VI-IX одд. | Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата | ООУ „Климент Охридски“, Скопје | 07-08.11.2022 |
| 25 | Силвана Терзиева | директор | Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата | ООУ „Климент Охридски“, Скопје | 07-08.11.2022 |
| 26 | Ангела Бошковска | наставник по англиски јазик I-IX одд. | Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата | ООУ „Климент Охридски“, Скопје | 07-08.11.2022 |
| 27 | Билјана Маневска | V одд. | Обука за Новата концепција за V одд.( организатор БРО) | ООУ„ Кристијан Тодоровски Карпош“ | 23-31.08.2022 |
| 28 | Санела Тренова | наставник по географија VI-IX одд. | Планирање и реализација на новата наставна програма по Природни науки за Vодд по новата концепција за основно образование | онлајн | 30.08.2022 |
| 29 | Иванка Тодорова Милошевска | предметен наставник по македонски јазик VI-IX одд. | Македонски јазик / БРО Индивидуален образовен план и модифицирана програма | онлајн предавање времетраење: 8 часа | 21.11 и 30.11.2022 |
| 30 | Иванка Тодорова Милошевска | предметен наставник по македонски јазик VI-IX одд. | Едуино вебинар на тема: Предизвикувачко однесување (организатор: БРО-МОН) | онпајн вебинар/ број на часови: 2 | 01.12.2022 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 31 | Луиза Велкоска | II одд. | Медиумска писменост и Планирање и реализација на наставата според новата концепција за основно образование и новите наставни програми за 2 одд. | ООУ „Климент Охридски“ Скопје | 12 и 13. 9. 2022 |
| 32 | Луиза Велкоска | II одд. | Развивање програми за слободни изборни предмети | Онлајн вебинар | 29.9.2022 |
| 33 | Елена Рајевска | Четврто одделение | Обука од БРО за Новата концепција за четврто одделение | ООУ„Вери Циривири-Трена“ | 23.8.2022<br>24.8.2022 |
| 34 | Светлана Милевска Костенцовска | I одд. | Обука за Новата концепција за V одд.( организатор БРО) | | 23-24.06.2022 |
| 35 | Мирјана Димоска | одделенски наставник<br>III одд. | „Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата“ од подрачјето учење на основни професионални компетенции во времетраење од 8 часа | Во ООУ "СветиКлиментОхридски"- општина Бутел | Февруари, 2023 год, |
| 36 | Мирјана Димоска | одделенски наставник | „Препознавање и превенирање на меѓуврсничко насилство и подготовка за работа со деца, креатори на насилно однесување и жртви на насилство во воспитно- образовни установи “ во времетраење 5 часа | Во ООУ„Гоце Делчев“ с.Љубанци- општина Бутел | 26.04.2023 год. |
| 37 | Иванка Тодорова Милошевска | предметен наставник по македонски јазик | Македонски јазик /<br>,,Добро проверено: Курс за медиумска писменост”<br>(организатор: IREX, дел од програмата ,,Учиме да распознаваме”) | онлајн курс/ број на часови: 2<br>*сертификат за завршен курс | 21.03.2023 година |
| 38 | Иванка Тодорова Милошевска | предметен наставник по македонски јазик | Македонски јазик/<br>Gemeinsem lernen-Gemeinsem üben. Motivierend und bewegend (организатор: Hueber Deutschland) | онлајн вебинар/ број на часови: 1<br>*потврда за учество | 25.03.2023 |
| 39 | Иванка Тодорова Милошевска | предметен наставник по македонски јазик | Македонски јазик/<br>,,Препознавање и превенирање на меѓуврсничко насилство и подготовка за работа со деца, креатори на насилно однесување и жртви на насилство во воспитно-образовните установи”<br>(организатор: Институт ЕВРОПСКИ | обука со физичко присуство, број на часови: 5<br>*сертификат за учество на обука | 26.04.2023 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | COSВЕЗДИЈА-Скопје) | | |
| 40 | Светлана Малегановска | Наставник по математика и физика | Проактивно менаџирање на конфликти | Универзитет Скопје – центар за кариера | 29.03.2023 |
| 41 | Светлана Малегановска | Наставник по математика и физика | Препознавање и превенирање на меѓуврсничко насилство | Институт Европски cosвездија - Скопје | 26.04.2023 |
| 42 | Ивана Крстиќ | Дефектолог | Вклучување на децата бегалци , мигранти,без државјанство и баратели на азил во воспитно- образовниот процес | Онлајн | 01.02.2023 |
| 44 | Ивана Крстиќ | Дефектолог | Алатки за зголемување на свеста за учеството и инклузијата | Онлајн | 02.03.2023 |
| 43 | Ивана Крстиќ | Дефектолог | Проактивно менаџирање на конфликти | Универзитет - Скопје | 29.03.2023 |
| 44 | Ивана Крстиќ | Дефектолог | Препознање и превенирање на меѓуврсничко насилство и подготовка за работа со однесување и жртви на насилство во воспитно- образована установа | ООУ,,Свети Климент Охридски,,-Бутел | 26.04.2023 |
| 45 | Бојана Наумова Радосавлевиќ | Предметен наставник по француски јазик | Три техники за јавен професионален настап | Вебинар преку ZOOM, организиран од Меѓународен Славјански универзитет | 16.02.2023 |
| 46 | Бојана Наумова Радосавлевиќ | Предметен наставник по француски јазик | “Нови медиуми и социјални мрежи “ | Вебинар преку ZOOM , Едуино училница, Биро за образование и наука. | 28.03.2023 |
| 47 | Бојана Наумова Радосавлевиќ | Предметен наставник по француски јазик | “Concevoir un cours de FLE pour les enfants des classes primaires” | Вебинар преку ZOOM, CREFECO, Интернационална огранизација за Франкофонија. | 10.11.2022 |
| 48 | Луиза Велкоска | II одд. | Обучен предавач по Шах како изборен предмет во основните уилишта | ПСУ„Јахија Кемал“ | 23.2.2023 |
| 49 | Луиза Велкоска | II одд. | Проактивно менаџирање на конфликти | Универзитет Скопје | 29.3.2023 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 50 | Луиза Велкоска | II одд. | Препознавање и превенција на меѓуврсничко насилство и подготовка за деца ,креатори на насилно однесување и жртви на насилство во воспотно образовните установи | Европски Соѕвездија | 26.4.2023 |
| 51 | Елена Наумовска | предметен наставник по музичко образование VI-IX одд. | „Препознавање и превенирање на меѓуврсничко насилство и подготовка за работа со деца, креатори на насилно однесување и жртви на насилство во воспитно- образовни установи “ во времетраење 5 часа | Во ООУ„Гоце Делчев“ с.Љубанци- општина Бутел | 26.04.2023 год. |
| 52 | Билјана Маневска | V одд. | Обучен предавач по Шах како изборен предмет во основните уилишта | ПСУ„Јахија Кемал“ | 23.2.2023 |
| 53 | Билјана Маневска | V одд. | Проактивно менаџирање на конфликти | Универзитет Скопје | 29.3.2023 |
| 54 | Билјана Маневска | V одд. | Препознавање и превенција на меѓуврсничко насилство и подготовка за деца ,креатори на насилно однесување и жртви на насилство во воспотно образовните установи | Европски Соѕвездија | 26.4.2023 |
| 55 | Марија Милковска | предметен наставник по биологија | „Препознавање и превенирање на меѓуврсничко насилство и подготовка за работа со деца, креатори на насилно однесување и жртви на насилство во воспитно- образовни установи “ | Во ООУ„Гоце Делчев“ с.Љубанци- општина Бутел | 26.04.2023 год. |
| 56 | Светлана Милевска Костенцовска | I одд. | „Препознавање и превенирање на меѓуврсничко насилство и подготовка за работа со деца, креатори на насилно однесување и жртви на насилство во воспитно- образовни установи “ | Во ООУ„Гоце Делчев“ с.Љубанци- општина Бутел | 26.04.2023 год. |
| 57 | Светлана Милевска Костенцовска | I одд. | Обучен предавач по Шах како изборен предмет во основните уилишта | ПСУ„Јахија Кемал“ | 23.2.2023 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 58 | Елена Рајевска | IV одд. | „Препознавање и превенирање на меѓуврсничко насилство и подготовка за работа со деца, креатори на насилно однесување и жртви на насилство во воспитно- образовни установи “ | Во ООУ„Гоце Делчев“ с.Љубанци- општина Бутел | 26.04.2023 год. |
| 59 | Елена Рајевска | IV одд. | Обучен предавач по Шах како изборен предмет во основните уилишта | ПСУ„Јахија Кемал“ | 23.2.2023 |
| 60 | Елена Рајевска | IV одд. | Проактивно менаџирање на конфликти | Универзитет Скопје | 29.3.2023 |
| 61 | Санела Тренова | наставник по географија VI-IX одд. | Проактивно менаџирање на конфликти | Универзитет Скопје | 29.3.2023 |
| 62 | Санела Тренова | наставник по географија VI-IX одд. | „Препознавање и превенирање на меѓуврсничко насилство и подготовка за работа со деца, креатори на насилно однесување и жртви на насилство во воспитно- образовни установи “ | Во ООУ„Гоце Делчев“ с.Љубанци- општина Бутел | 26.04.2023 год. |
| 63 | Влатко Котески | Наставник по физичко и здравствено образование VI-IX одд. | „Препознавање и превенирање на меѓуврсничко насилство и подготовка за работа со деца, креатори на насилно однесување и жртви на насилство во воспитно- образовни установи “ | Во ООУ„Гоце Делчев“ с.Љубанци- општина Бутел | 26.04.2023 год. |
| 64 | Анета Стојкова | Психолог | Проактивно менаџирање на конфликти | Универзитет Скопје | 29.3.2023 |
| 65 | Анета Стојкова | Психолог | „Препознавање и превенирање на меѓуврсничко насилство и подготовка за работа со деца, креатори на насилно однесување и жртви на насилство во воспитно- образовни установи “ | Во ООУ„Гоце Делчев“ с.Љубанци- општина Бутел | 26.04.2023 год. |
| 66 | Анета Стојкова | Психолог | За учество во спроведување на општински и регионални натпревари по природни науки | Македонско биолошко друштво | 10.3.2023<br>10.4.2023 |

## Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Учеството на родителите во училиштето се планира да се одвива на повеќе начини. Посебно внимание се посвети на соработката со родителите преку секојдневни средби, разговори и родителски средби. За таа цел, се изработат програми за реализирање на содржините и активностите, а Советот на родители даде посебен придонес во унапредување на соработката. Родителите имаат можност да даваат свои предлози за подобрување на работата, да ја детектираат состојбата на училиштето, со цел подобрување на условите за работа. Исто така, родителите ќе се вклучат во изведување разни активности, при што ќе се земаат предвид нивните предлози и мислењата. На почетокот на учебната година, преку изработка на флаери, согласно воспоставената практика, родителите се информираат за организациската поставеност и за активностите кои ги изведува училиштето, нивните права и одговорности и правата и одговорностите на учениците. Во годишната програма се планираат средби со родители и приемен ден на училиштето. Сите информации наменети за родителите се истакнуваат на огласна табла поставена во холот на училиштето и на влезната врата.

### Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонnаставните активности

Родителите континуирано и непосредно се вклучуваат во училиштето во секој сегмент, како и во процесот на учење. Преку родителските и индивидуалните средби, состаноците со Советот на родители и Училишниот одбор, редовно се информираат за наставниот процес од страна на директорот, наставниците, стручните соработници. Во програмите за соработка со родителите од одделенските раководители и во програмите од стручните соработници, се предвидува соработка со родителите за работа со ученици со потешкотии во развојот и за напредување на талентираните и надарените ученици.
Со цел да се подобри соработката на училиштето со родителите се вклучуваат во разни манифестации и промоции на училиштето, работилници, базари, спортски настани, прослави, приредби, нагледни активности и др.

### Едукација на родителите/старателите

Едукацијата на родителите се реализира преку работилници за Советот на родители, едукативни предавања реализирани на општите родителски средби, разговори и советувања. Во училиштето се реализира Програма за советување родители, со која родителите се советуваат и едуцираат како да им помогнат на своите деца во надминување на проблемите и подобрување на училишниот успех. Стручните соработници секојдневно спроведуваат советодавно-консултативни разговори со родителите и вршат едукација на родителите на учениците кои имаат слаб успех, голем број изостаноци и имаат асоцијално однесување. Училиштето редовно ги известува и едуцира родителите преку соопштенија, брошури и флаери.
Училиштето формира тим за подготовка и реализација на брошура за родители, со информации за позначајните содржини на Годишната програма за работа на училиштето, мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за претстојната учебна година, за организацијата на наставата, за материјално-техничката опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, етичкиот кодекс на однесување и оценување на учениците, правата и обврските на учениците и родителите и други потребни информации.

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ / СТАРАТЕЛИТЕ

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Вклученост на родителите / старателите во работата на училиштето | Информирање / запознавање на родителите со:<br>Правата и обврските на учениците, родителите и наставниците што произлегуваат од законските одредби<br>на основното образование и воспитание,<br>Наставен план и програма, распоред,<br>Годишната програма на училиштето,<br>Куќниот ред на училиштето. | Септември | Годишна програма на училиштето;<br><br>Кодекс на однесување за ученици, родители и наставници;<br><br>Куќен ред на училиштето;<br><br>Наставен план и програма од БРО | Одржување на нишката на „триаголник” во воспитно образовниот процес на учениците – ученик – наставник - родител. |
| Вклученост на родителите / старателите во животот и работата на училиштето | Вклучување на родителите во:<br>Реализација на одделни сегменти од воспитно образовниот процес,<br>Разрешување на негативни појави во училиштето. | Континуирано | Записници | Одржување на нишката на „триаголник” во воспитно образовниот процес на учениците – ученик – наставник - родител. |
| Вклученост на родителите / старателите во работата на училиштето | Анализа на работата на училиштето во текот на целата учебна година,<br>Анализа на успехот и поведението на учениците | Континуирано<br><br><br><br>Квартално | Записници<br>Евидентни листи<br>Полугодишен и Годишен извештај за работа на училиштето | Одржување на нишката на „триаголник” во воспитно образовниот процес на учениците – ученик – наставник - родител. |
| Вклученост на родителите / старателите во процесот на | Вклучување на родителите во воспитно образовен карактер:<br>Одделенска и предметна настава (нагледни активности во рамките на | Континуирано | Записници<br>Дневник | Одржување на нишката на „триаголник” во воспитно образовниот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| учење | различни наставни предмети), Планирање и давање поддршка на наставниците за работа со ученици со попреченост, надарени и талентирани ученици, Планирање и давање поддршка за професионална ориентација на учениците | | | процес на учениците – ученик – наставник - родител. |

## Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

- **Локална заедница**

Со цел поголема промоција на училиштето во јавноста, како и за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето, во текот на учебната година се планираат состаноци, разни средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување. Училиштето соработува со Општината при реализација на разновидни активности: реализација на Еко-програмата, разни собири и здружувања за одредени случувања во училиштето, одбележување на патрониот празник на училиштето, приемот на првачиња во Детската организација, отворени денови, промоција на активности од проектот МИО, соработка со бизнис заедницата, посети на градоначалник, едукативни центри и институции во Општината.

- **Институции од областа на културата**

Учениците континуирано учествуваа на литературни и ликовни конкурси, а во планирањата на наставниците вклучени се и организирани посети на музеи, кинотеки, театри, детски фестивали, саем на книгата и друго.

- **Институции од областа на образованието**

Училиштето има соработка со:
- МОН при доставување на годишната програма на училиштето, годишниот извештај за работата на училиштето и тековна соработка при воведување и реализација на сите промени, укажувања и новини кои произлегуваат од министерството
- БРО за унапредување на наставата, наставните програми, посета на обуки и семинари на наставниот кадар и др.
- општинскиот инспектор и активот на директори на ниво на општина за низа консултации, размена на искуства, тековни прашања и разни прослави
- основните училишта за наставни и вонннаставни активности (спортски натпревари и натпревари од други подрачја, литературни читања, размена на искуства помеѓу наставниците, конкурси и др.)
- средните училишта за професионална ориентација на учениците и промотивни и едукативни активности на средните училишта.

- **Невладини организации**

Училиштето има соработка со разни невладини организации, меѓу кои: Советодавен центар за деца и родители, USAID, UNICEF, СОС-Детско село - Скопје, Црвен Крст на град Скопје.

- **Спортски друштва**

Во рамки на училиштето имаме училишен спортски клуб УСК „Гоце Делчев“-Љубанци кој во соработка со ФУСМАК е активно во сите општински, регионални и државни лиги.

- **Здравствени организации**

За грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените и за реализација на програмата „Грижа за здравјето на учениците“, училиштето има соработка со: Здравствениот дом „Шуто Оризари“, здравствени установи во близината, Центарот за социјални грижи, осигурителни компании и др.

- **Медиуми**

Промоција на училиштето се врши преку соработка со најразлични медиуми и медиумски куќи. Поважни активности од наставната и вонnаставната работа ќе бидат објавувани во општинскиот весник, како и во други дневни и неделни печатени медиуми. Ќе ја продлабочиме соработката со телевизиските куќи во емисии од областа на образованието. Исто така, јавноста континуирано ќе биде информирана за училишните случувања преку FB-профилот на училиштето (https://www.facebook.com/ljubanci.gocedelcev/), училишната веб-страница (https://www.facebook.com/ljubanci.gocedelcev/), и веб-страна на општината (https://opstinabutel.gov.mk/).

**Следење на работата на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште**

| **Приоритетни подрачја на следење** | **Начин и време на следење** | **Одговорно/ни лице/а** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
|---|---|---|---|
| Ученичкото организирање | Опсервација<br>Опсервациска листа<br>Извештај<br>Докази | Анета Стојкова<br>Светлана М. Костенцовска<br>Игор Бошковски | Директор<br>Психолог |
| Еко проект | Опсервација<br>Опсервациска листа<br>Извештаи<br>Докази | Анета Стојкова | Директор |
| МИО проект | Опсервација<br>Опсервациска листа | Тим за училишна интеграција | Наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Извештаи<br>Докази | | |
| Професионален развој на наставниците | Извештаи од обуки<br>Професионално досие | Тим за професионален развој | Директор |
| Инклузија | Извештаи<br>Докази | УИТ | Директор |

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОР

| **I.ПРОГРАМСКО-КОНЦЕПЦИСКО ПОДРАЧЈЕ** | | | |
|---|---|---|---|
| Задачи | Активности | Цели | Ефекти |
| **Создавање услови за работа во училиштето** | 1.Технички подготовки на училишните објекти за почеток на учебната година | Создавање просторни и технички услови за успешен почеток на учебната година | Подготвени училишни објекти за успешен почеток на новата учебна година |
| | 2.Снабденост со мебел, опрема и наставни средства | | |
| | 3.Кадровски прашања | | |
| | 4.Подготовки за прием на ученици на прв училишен ден | Тимска работа | Промоција на работата на училиштето |
| | 5.Создавање оптимални просторни и технички услови за престој и работа во училиштето | Модернизирање на просторот и опремата | Подобрување на условите за работа |
| **Организација на воспитно образовната работа** | 1.Распределба на часови и задолженија | Организација на воспитно образовната работа | Успешна подготовка и организација на целокупното работење на училиштето за учебната 2019/20 година |
| | 2.Утврдување на бројна сосотојба на ученици | | |
| | 3.Изработка и усвојување на Годишна програма за работа на училиштето | Запазување на законитоста во работењето на училиштето | |
| | 4.Собирање на сите програми и планирања од наставниците | | |
| | 5.Изготвување на распоред на часови | Организација на воспитно образовниот процес | Ефиксна работа на училиштето |
| | 6.Распределба на задачи и задолженија за Тимови и поединци | | |
| **Материјално финансиско работење на училиштето** | Организација на пописи, пресметки, изработка на завршна сметка, реализација на финансов план | Запазување на законитоста во работењето на училиштето | Успешно финансиско работење на училиштето |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Набавки на основни средства за работа** | Набавка на наставни средства, материјали за работа, средства за одржување на хигиената, опрема, мебел и др. | Осовременување на условите за работа | Создавање поволни технички услови за работа, запазување на стандардите |
| **Увид и контрола на работата на технички иадминистративен кадар** | 1.Увиди и контрола на уреденост на училишниот објект и здрадата на Интернатот | Обезбедување оптимални услови за работа во училиштето | Создавање добри технички, санитарни, безбедни услови за работа |
| | 2.Увиди и контрола на хигиената на двата училишни објекта и на спортската сала | | |
| | 3.Контрола на безбедноста на објектите и опремата | | |
| **Евиденција и документација** | 1.Контрола на педагошка евиденција и документација | Запазување на законитоста во работењето на училиштето<br>Унапредување на работењето на училиштето | Осовременување на воспитно образовната работа.<br>Ефиксаност во работењето. |

